МЦМС ги поканува **граѓанските организации** да предложат претставник кој ќе учествува на еднодневната работилница на тема „
Антикорупциска писменост
“, во петок,
**17 декември 2010 г. во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје**
.



МЦМС во октомври оваа година го издаде извештајот за состојбата со корупцијата во Бугарија „Злосторство без казна“. Работилницата е последователна активноста за јакнење на капацитетите за потребата од спречување на корупцијата во Република Македонија.

Целта на овој настан е да се **зголеми информираноста на граѓанските организации** за состојбата со корупцијата во Република Македонија, да се направи споредба со

другите земји (пред се Бугарија), и да се придонесе за **започнување расправа за стратешките приоритети на граѓанскиот сектор** во вклученоста за сузбивање и спречување на корупцијата во Република Македонија.

На работилницата ќе бидат опфатени следниве теми:

1. Клучните сегменти од извештајот „ Злосторство без казна “, со посебен фокус на прашањата кои се однесуваат на корупција во граѓанскиот сектор;

2. Споредба на системот за превенција и спречување на корупција во Република Македонија и Република Бугарија;
3. Предизвиците за граѓанските организации кои би се занимавале во иднина со прашањето на корупцијата и начини за ефективно делување (дискусија)

Воведничар и фасилитатор: **Суад Мисини** - Истражувачки центар за граѓанско општество

Ве молиме учество на вашиот претставник да го потврдете до **четврток, 16 декември 2010 г. до 12:00 часот** .
Сите патни трошоци за учесниците надвор од Скопје ќе бидат надоместени од страна на МЦМС.

Лице за контакт е Марија Саздевски на e-mail msz@mcms.org.mk или на 071/289-217.